НАЦИОНАЛНА
РАМКА НА
КВАЛИФИКАЦИИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ОДБОР ЗА
# НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

Бр. 2101-20/1

19.04.2021 год.

ул. „Св.Кирил и Методиј“ бр.54
1000 Скопје
Тел. (02) 3117 896
Факс: (02) 3118 414
мрежна страна: www.mrk.mk

До

Владата на Република Северна Македонија
булевар „Илинден“ бр. 2
Скопје

**Предмет:** Годишен извештај за работата на Одборот за Национална рамка на квалификации за 2020 година

Почитувани,

Во прилог на дописот ви го доставуваме на разгледување и прифаќање Годишниот извештај за работата на Одборот за Националната рамка на квалификации за 2020 година.

Со почит,

**Претседател на**
**Одборот за**
**Национална рамка на квалификации**

**Борчо Алексов**

НАЦИОНАЛНА
РАМКА НА
КВАЛИФИКАЦИИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА
НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

# Годишен извештај за работата на Одборот за Национална рамка на квалификации за 2020 година

# 1. Вовед, законски основи и надлежности

Националниот одбор за Македонска рамка за квалификации се формира согласно член 16 од Законот за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 137/2013, 30/2016) со цел унапредување на системот на квалификации, одобрувањето и класифицирањето на квалификациите во Македонската рамка на квалификации.

Националниот одбор е составен од претседател и десет члена.

Членови на Националниот одбор се по еден претставник назначен од:

- Министерството за труд и социјална политика,
- Центарот за стручно образование и обука,
- Центарот за образование на возрасните,
- Бирото за развој на образованието,
- Националната агенција за европски образовни програми и мобилност,
- високообразовна установа, кој го предлага Интеруниверзитетската конференција,
- Стопанската комора на Република Македонија, (Сојузот на стопанските комори на Република Македонија, Комората назанаетчиите на Република Македонија и Стопанката комора на северозападна Македонија),
- Организација на работодавачи,
- Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија и
- двајца претставници од Министерството за образование и наука.

Националниот одбор ги врши следниве работи:

- врши процена на политиките за образование, вработување, доживотно професионално насочување и регионален развој од аспект на развој на човечкиот потенцијал и негов придонес во зголемување на конкурентноста на Република Македонија,
- дава препораки за подобрување во поврзувањето на образованието со потребите на пазарот на трудот,
- донесува одлуки за распоредување на квалификациите во Македонската рамка на квалификации,
- предлага развивање и унапредување на квалификациите до надлежните институции,
- донесува одлуки за усогласување на постојните квалификации со Македонската рамка на квалификации,

- го следи развојот на Македонската рамка на квалификации во целина,
- развива и усвојува методолошки документи за класифицирање на квалификациите,
- формира секторски комисии за квалификации,
- утврдува соодветни критериуми за работата на секторски комисии за квалификации и дава насоки за нивното работење,
- одлучува за дефинирање на потсекторите, областите и подобластите во рамките на секторите на квалификации,
- разгледува и усвојува извештаи доставени од секторските комисии за квалификации и
- дава препораки за работењето на секторските комисии за квалификации, врз основа на доставените извештаи.

## 2. Основање на Националниот Одбор за Македонска рамка на квалификации и Деловник за работа

Вториот состав на Националниот Одбор за Македонска рамка на квалификации, формиран со Решение бр. 45-7500/1 од 29/10/2019 година на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 228/2020), ја започна својата работа со Конститутивната седница која се одржа на 5/12/2019 година, на која за Претседател на Националниот Одбор е избран Борчо Алексов од Министерството за образование и наука.

Во текот на 2020 година одржа 11 седници, од кои оние до март 2020 се одржаа со физичко присуство, додека останатите, заради вонредните здравствени околности се одржаа со посредство на средствата за електронска комуникација. Заради дополнително уредување на електронското одржување на седниците се усвоени измени на Деловникот за работа.

Секторските комисии, исто така, го прилагодија своето работење со електронско одржување на седниците, а Одборот ги усвои измените на нивните Деловници за работа.

Во текот на 2020 година во рамка на своите активности Одборот донесе основни документи, формираше и ја следеше работата на секторските комисии усвојуваше стандарди на квалификации и расправаше за тековни активности и политиките поврзани со развојот на Националната рамка на квалификации.

## 3. Проекти

Во соработка со ИПА структурата при Министерството за образование и наука и Одделението за Националната рамка на квалификации, Одборот расправаше во повеќе наврати и даде придонес кон завршувањето на подготовките на апликацијата за новиот ИПА проект кој ќе биде посветен на унапредување на ЕЦВЕТ системот во стручно образование и обука и доживотно учење, како и за воспоставување на систем за обезбедување на квалитет и евалуација на Националната рамка на квалификации.

Проектот, кој треба да отпочне со реализација во 2021 година , исто така ќе биде посветен и на развивање на Стандарди за високообразовни квалификации, првенствено за професии од областа кои својата дејност ја изведуваат во образованието, како што се педагог, психолог, неговател, воспитувач. Врз основа на овие примери, понатаму за очекување е, заживување на концептот на Стандард на квалификација и во високото образование како можно решение, доколку биде прифатен од страна на Министерството за образование и наука.

Овој проект ќе придонесе за подобрување на Националната рамка на квалификации како значаен инструмент за креирање политики за промовирање на мобилноста и доживотното учење на национално, и на европско ниво. Членовите на Одборот ќе земат активно учество во активностите на проектор и ќе се погрижат да имаа соодветна застапеност и улога и на членовите на Секторските комисии.

Во соработка со Министерството за образование и наука на Хрватска и Агенцијата за обезбедување на квалитет во високото образование на Црна Гора и нашето Министерство за образование и наука, Одборот, го следи и учествува во спроведувањето на Проектот: „Подобри академски квалификации преку обезбедувањето на квалитет-BAQUAL“. Проектот вклучува три фази за сите три земји: развој на стандард за квалификација со користење на стандард за ажурирање на постојна или развој на нова студиска програма и конечно да се спроведе надворешна евалуација на програмата користејќи ги Европските стандарди и упатства за обезбедување на квалитет. Проектот има за цел да им обезбеди на учесниците искуство во работењето со стандардите за квалификации и да се фокусираат на резултатите од учењето, кои сè уште не се користат во задоволителна мерка во регионот. Овој пристап треба да ги подобри структурите на студиските програми и подобро да ги подготви студентите за нивните идните кариери. Проектот е поднесен и одобрен во рамките на Иницијативите за подршка за спроведувањето на реформите од Европскиот простор на високо образование (EHEA)-EPLUS-09-2020-EHEA.

Во рамките на овој проект а во согласност со договорот со останатите партнери од страна на нашите претставници е изготвен предлог Стандард на квалификација за компетенциите на наставниот кадар во високото образование којшто треба да биде предмет на разгледување и идно уредување. За жал заради вонредните здравствени околности најголемиот дел од активностите беа скратени или прилагодени на условите поради неможноста за нивно остварување според предвиденото.

Во рамките на активностите на EPER проектот за олеснување на признавањето на високобразовните квалификации во кој нашето Министерство за образование и наука учествува со надлежните министерства и тела за признавање од Хрватска, Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина, на предлог на членовите од Одборот, во Скопје се очекува одржување на конференција „Користењето на Рамките за квалификации во постапките за признавање на странски високобразовни квалификации“ како и размена на искуствата од учеството на конференција која по сличен повод ја организираа образовни власти во Рига, Летонија.

Одборот ја прифати поканата од Проектот „Подобрување на квалитетот на податоците и зајакнување на креирањето на политиките“, кои во рамките на Компонентата 2 од Проектот, сметаат дека сегашното означувањето на квалификациите од средно стручно образование има недостатоци и тие би сакале да предложат начин на означување. По тој повод во рамките на учеството во работата и расправите кои се водат беа прифатени одредени предлози. Означувањето треба да биде во функција на поедноставното поврзување на нашиот Регистар со другите надлежни органи и установи. Начелно, Одборот дава поддршка, со тоа што и да биде направено во рамките на Проектот, ќе биде предмет на одлучување на Одборот. Исто така, врз основа на расправите од седницата , Одборот побара, другите модели на пример, Полска и слични да служат само како подлога за инспирација а не како пример, со оглед на различните историски контексти на образовните системи и приодите во воспоставувањето на националните рамки за квалификации. Одборот даде и некои идеи, по примерот на означувањето на високообразовните квалификации. Одборот продолжува со учеството во овој Проект и тој и понатаму ќе биде дел од расправите на Седниците.

Во рамките на заедничката соработка на земјите од Западен Балкан во областа на образованието за обезбедување квалификуван кадар според потребите на реалниот сектор во регионот на земјите од Западен Балкан, а со поддршка на Секретаријатот на Иницијативата за образовни реформи во Југоисточна Европа (ЕРИ СЕЕ) и Коморскиот инвестициски форум (КИФ), Одборот се вклучи во Проектот за дизајнирање на регионалните стандарди на занимања „Кон регионални стандарди на занимања - КОН РЕГОС“, финансиран од Австриската агенција за развој. Со проектот беше опфатено дизајнирање на 5 стандарди на занимања од два сектора: угостителство и туризам и градежништво и геодезија, дефинирани според заедничките потреби на 6-те земји од Западен Балкан: Северна Македонија, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Албанија и Косово. Како резултат на заедничката работа се дизајнираа стандарди на занимања за: Хотелско-угостителски техничар, Молер, Подопоставувач, Плочкар и Гипсер-монтер. Следна фаза е усвојување на регионалните стандарди на занимања на национално ниво од соодветните институции и отпочнување на дизајнирање на стандарди на квалификации за истите занимања и подготовка на образовни програми за квалификациите.

## 4. Политики, законски и подзаконски прописи

Во текот на 2020 година, Одботот донесе нов Деловник за работа бр. со кој се доуреди одржувањето на седниците без физичко присуство заради вонредните здравствени околности и ги усвои и одобри измените на Деловниците на Секторските комисии.

Основана е Секторската комисија за здравство и социјална заштита а завршна е постапка и за основањето на Секторската комисија за сообраќај, транспорт и складирање.

### Национална рамка на високообразовните квалификации

Расправајќи по однос на активностите на Советот на Европа поврзани со Националните кореcподенти за Рамката за квалификации за Европскиот простор за високо образование (QF-EHEA), Одборот го поздрави донесувањето на ревидираните критериумите и постапките за самопотврдување на Рамките на високообраовните квалификации, усвоени од страна на министрите, на предлог на Групата за следење на Болоњскиот процес (BFUG) во рамките на Римската Конференција на Министрите надлежни за високо образование 2020.

Предходно, по тој повод, Одборот даде согласност на главните заклучоци предложени во рамките на активностите од страна на Советот на Европа. Главните новини се однесуваат на Извештаите за самопотврдување коишто треба да се поднесуваат при секоја позначајна промена во високообразовниот систем и дека овие извештаи, без разлика на промените треба да се обновуваат на секои пет години како и да имаат поподробен преглед и мислења од меѓународни стручњаци за рамката на високообразовните квалификации.

Претставникот од Министерството за образование, кој е член на Одборот, учествуваше и во расправата со свои мислења и забелешки по повод Извештаите за самопотврдување поднесени од Албанија и Грузија како и во работа во Тематската група за високообразовните квалификации во рамките на Болоњскиот процес.

### „Зелени“ работни места и квалификациите

Одборот за Национална рамка на квалификации врз основа на Заклучоците по точка 50 од Сто педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 август 2019 година, коишто се однесуваат на „зелените“ работни места и превземањето повеќе активности во подготовка на соодветен одговор по повод задолженија кои произлегуваат, на 11.02.2020 година својата Четвртата седница ја одржа во Клубот на пратениците во Скопје, како отворена едница со присуство на околу триесетина гости од различни организации.

Седницата беше тематски посветена на „зелените“ квалификации и работни места со цел Одборот да преиспита и да заземе став во поглед на понатамошниот развој на овие квалификации. По запознавањето на присутните членови и гости на седницата, Претседателот образложи за досегашните активности на Одборот на ова поле, превземените контакти и можните насоки за развој и побара од присутните да го запознаат Одборот со нивните постигнувања во рамките на активностите и предлози за најповолен пристап во национален контекст.

Меѓународната организација на трудот (ILO) го поздрави одржувањето на оваква Седница и ја пренесе спремноста на ILO да излезе во пресрет со стручен осврт, искуства и предлози за усвојување и развој на овие квалификации. Како добар пример кој може да послужи како инспирација за националните политики посочи дека може да се разгледаат примерите од Американското биро за труд и статистика. Во своето излагање, во продолжение, спомна дека е битно да се развиваат вештините кои придонесуваат кон намалување на загадувањето и дека обично, пристапите може да бидат врз основа на продуктите од работните места или во внатрешните процеси за зачувување на околината. Претседателот се заблагодари на неговиот придонес и ја истакна важноста на опитот на ILO и изразената подршка на процесот. Оваа соработка ќе се продлабочува особено со очекуваната стручна подршка во изготвувањето на Методологијата на „озеленување“ на постојните квалификации, особено во постапката на евалуација на усвоените квалификации и во подготовката на посебна Методологија за изготвување на „зелени“ квалификации.

Од страна на невладината организација „Биди зелен-“Gogreen, беше изразено задоволство д одржувањето на оваква Седница на Одборот и можноста за прикажување на резултатите на организацијата. Ќленовите и присутните беа запознати за патот на развојот на оваа идеја и досегашните резултати. Нивната работа на ова поле, започнува уште од 2013, кога со ФРОНТ изготвиле брошура за нискојаглеродната економија и изрази загриженост дали како држава подготвуваме доволно кадри оспособени за таа работа. Во 2014 година, со Стопанската Комора, издале брошура за градежниот сектор а исто така имале и соработка со Франција и Германија за можностите на младите луѓе во „зелената“ економија. Во 2017 во соработка со Swisscontact и IME биле вклучени вп активности поврзани со можностите за вработување на младите во „зелената“ економија но и како климатските промени влијаат на работните места. Ја претстави дефиницијата на која работеле и се усогласиле како најпогодна во национален контекст и се залага за грипирање на „зелените“ работни места. Од државен аспект се определиле за предимство на секторите за градежништво, земјоделство и управување со отпад, додека со Центарот за средно стручно образование и обука биле вклучени во подготовката на квалификацијата за собирач на отпад и секундарни суровини. Од страна на организација изразуваат спремност за преглед и препораки на документите кои Одборот предвидува да се изготват и усвојат. Одборот ги поздрави бројните активности и како особено важно за Одборот го истакна нивното залагање за развој на претприемачките

вештини кај младите со користење на можностите кои ги нуди „зелената“ економија.

Министерството за животна средина и просторно планирање во своето излагање зборуваше за соработката на ова министерство со Gogreen, особено во подрачјето на поврзување на „зелените“ работни места со невработеноста на младите луѓе. Во рамките на нивните досегашни активности изготвиле дефиниција, прилежна на домашните прилики и направиле список на „зелените“ работни места. Таа препорачува дека е мошне важно да се развие комуникацијата во општеството за поголем успех на иницијативата.

Делегацијата на Европската Унија во Скопје го поздрави одржувањето на оваа Седница и во своето излагање се осврна на Европската агенда за зелена економија и како со ИПА III програмата нејзе ќе и биде дадено предимство. Во меѓувреме во подготовка се трите регионални центри за средно стручно образование. Нивна препорака е дека студијата на CEDEFOP може да биде првична инспирација за Одборот во креирањето на политиките за „зелените“ работни места и квалификации и примерот од земјите на Европската Унија каде се планира нивно зголемување за 20%. Собир треба да е своевиден фопум каде што Одборот ќе ги преиспитува политиките со учество на сите чинители. Делегацијата на Европската Унија исто така смета дека пресудно е утврдување на дефиницијата за „зелените“ работни места како основа за квалификациите. Според нив, освен квалификациите кои се однесуваат на приватниот треба да се земат предвид и оние за јавниот сектор. Освен тоа ја нагласуваат и важноста на достоинственоста на овие работни места но и дирекното влијание на животната средина како и надзорот над овие квалификации. Средствата за развој на овие квалификации се на располагање и понатаму ќе бидат уште поголеми но земјата треба да биде спремна со вештини на расположливиот кадар и негово унапредување заради спремноста за нивна делотворна намена. Прво се создаваат луѓе па работни места.

Центарот за стручно образование и обука ги запозна присутните за надлежностите на установата за квалификациите од ниво 2 до ниво 5 и дека во 2015 година биле изготвени 3 такви квалификации од секторите машинство, градежништво и енергетика а како факултативна активност во земјоделско-ветеринарната струка за органско земјоделско производство. Со реформите во техничкото стручно образование, изготвена е квалификација за техничар за животна средина. Од ниво 5, постои квалификација за аналитичар за одржлив развој а во подготовката на онаа за собирач и постапувач со отпат, активно биле вклучени и од Gogreen. Во поголем дел на квалификациите и Стандардите на занимања, за кои е надлежна оваа установа, постојат квалификации кои се однесуваат на заштита на животната средина. Преработувањето на сите квалификации од гледиште на „зелените“ работни места е обемен, изискателен и долготраен процес со свои последици и го делат ставот дека при секоја евалуација на Стандардите на квалификации врз основа на Методологија која би се подготвила би се вршело преиспитување и унапредување на „зелените“ квалификации во нив.

Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, ги запозна учесниците со можностите на програмата Еразмус 2020 во која на „зелените“ работни места се дава предимство. Во таа смисла, и како национален приоритет, преку можностите на програмата ќе може да се развиваат „зелените“ квалификации. Според неа, Одборот може да ги прегледа индикаторите кои се однесуваат на „зелените“ работни места и да бидат преуредени и прифатени и во национален концепт. Во рамките на можностите на програмите на Агенцијата може да се обезбеди соодветно промовирање на сите активности на Одборот по повод развојот на „зелените“ квалификации и активностите поврзани со нив.

Врз основа на расправата, беа издвоени следните заклучоци:

- Одборот да усвои дефиниција за „зелените“ работни места;
- да се отпочне со подготовка и подоцна да се донесат Методологија за „озеленување“ на квалификациите и Методологија за подготовка и развивање на Стандарди за „зелените“ квалификации;
- да се определат резултати за учење кои ќе се однесуваат на „зелените“ квалификации;
- да се изнајдат можности за стручни консултации при подготовка на документите
- овој состав да се користи за прегледување на документите и консултации пред нивното усвојување.

**Закон за образование на возрасните**

Одборот го разгледа предлог Законот за образование на возрасните пред сè од гледиште на стручните препораки за усогласување на прописите со Законот за Националната рамка на квалификации. Одборот заклучи дека начелно Законот за образованието на возрасните се повикува на Законот за Националната рамка на квалификации и содржи одредби за Додаток на уверенијата во кој, меѓудругото ќе се опишуваат и резултатите од учењето. Изнесени се забелешки за подобрување на застапеноста на интернационализацијата во Законот но и на европските и меѓународните организации чии препораки треба да се следат и со кои е предвидена соработа, односно, дека треба да бидат земени на повисоко рамниште препораките на Европската Комисија и Европскиот Совет за ова подрачје. Членовите се согласија дека се потребни дополнителни доработки на овој закон пред негово донесување. Ова е особено значајно и заради обврската којашто ја имаме за поднесување и одбрана на Еднократен извештај на признавањето на неформалното и искуственото учење пред Советодавната група за Европска рамка на квалификации кој неколку пати досега е одложен.

## Образовни исправи за деловна успешност-микроквалификации (micro-credentials)

Одборот за Националната рамка на квалификации отвори широка расправа за образовните исправи за деловна успешност (micro-credentials) со разгледување на одредени званични документи кои се однесуваат на овој вид на дополнителни квалификации. По нивното темелно разгледување и расправата, треба да се заземеме став како ќе се постапуваме во иднина, кога станува збор за овој вид квалификации.

Со претстојното Римско Коминике (2020) на министрите надлежни за високо образование, се предлага покрај постојните студиски програми да се развиваат и унапредуваат и обуките кои ќе водат до издавање на исправите за деловна успешност. Нашиот Закон за високото образование уште, најмалку од своето издание, од 2008 година ги препознава, делумно ги уредува и за документите кои се издаваат користи поими „исправа“ и „потврда“. Она што не е уредено, е обезбедувањето на квалитет и нивното евентуално сместување во рамката за квалификации.

Со оглед на тоа што синдикатите, претставени преку ETUC и ETUCE до Советодавната група за Европска рамка на квалификации доставија свое видување во целост поместено во овој Извештај, Одборот му обрати посебно внимание бидејќи содржи елементи кои треба да нѐ засегаат.

Во неодамнешните расправи во врска со политиките, Европската комисија ја изнесе идејата за исправите за деловна успешност во стручно образование и обука и високото образование. Темата за исправите за деловна успешност се појави неодамна во рамките на Советодавниот комитет за стручно образование и обука (ACVT) во врска со идната иницијатива за Агендата за вештини, а во рамките на состаноците на Групата за следење на Болоњскиот процес (BFUG), по повод претсојното Римско Коминике и проектот за исправите за деловна успешност во високото образование.

Во документот за расправа на Европската комисија, претставен на состанокот на ACVT (10 јуни 2020), се споменува дека оваа тема ќе има важна улога во претстојните политички иницијативи на Европската комисија, бидејќи „Комисијата започна со размислување за можниот европски пристап кон исправите за деловна успешност. Заедничката иницијатива на комесарите Габриел и Шмит, што ги вклучува образованието и обуката како и засегнати страни од пазарот на трудот, има за цел да направи патоказ на активности што треба да се преземат на ниво на ЕУ за да се обезбеди усвојувањето, валидацијата и признавање на исправите за деловна успешностте.“

Еден од проблемите е недостатокот на договорена дефиниција и заедничко разбирање на исправите за деловна успешност на европско ниво. Во документот за расправа на Европската комисија ја дава следната дефиниција на исправите за деловна успешност: „Исправите за деловна успешност се изјави што потврдуваат дека некое лице стекнало одвоена оспособеност, т.е. знаење, вештини и/или искуство во нарочна и ограничена област". Веруваме дека дефиницијата на Европската комисија е многу нејасна, и сметаме дека дефиницијата што ја предложи универзитетот SUNY може да се смета како почетна точка за развој на европска дефиниција за исправите за деловна успешност: „Исправите за деловна успешност ги одобруваат, потврдуваат и осведочуваат постигнатите особени вештини и/или надлежностите и се одобрени од страна на издавачката установа а се развиени преку воспоставените процеси на управување на факултетот и дизајнирани се да бидат значајни и квалитетни."

Работниот документ на ОЕЦД (2020) за алтернативните квалификации во рамките на високото образование го објаснува поимот „алтернативни квалификации (овластувања)" како „квалификации (овластувања) кои од страна на соодветните национални образовни власти не се признаваат како самостојни формални квалификации за образование" и може да се доделат на сите нивоа на образование. Што се однесува до високото образование, трудот се повикува на новиот проект на ЕУ (MicroHE) кој ги дефинира исправите за деловна успешност како „под-единица на квалификациите или овластувања со кои се освојуваат најмалку 5 ЕКТС и можат да се акумулираат во поголеми квалификации или да бидат дел од папката".

Исправите за деловна успешност можат да бидат исправи/потврди доделени од работодавачи (на пр. оние од Cisco, Microsoft, итн.), или да се издадени од образовните установи (на пр. преку масивни отворени мрежни курсеви - МООС).

***Заедничка позиција ETUC и ETUCE***

Синдикатите на работниците и синдикатите за образование имаат неколку загрижености во врска со претстојната сосредоточеност на исправите за деловна успешност, бидејќи тие би можеле да имаат значително влијание врз холистичкиот пристап кон образованието, квалитетот и признавањето на обуките на вработените, колективните договори и вработените во секторите на средното стручно и високото образование.

Сега, кога здравствената непогода ќе има големо влијание врз секторите образование, усовршувања и преквалификациите, како дел од праведниот

преод на работниците кон дигитална и зелена економија, ја изразуваме нашата голема загриженост што политиките на Европската комисија не се насочени кон активности и инвестиции за решавање на овие реални проблеми, туку се појавуваат нови иницијативи, како што е оваа за исправите за деловна успешност, којашто не е барана од секторот образование, работниците и работодавачите. Бараме Европската комисија да се сосредоточи на обезбедувањето на одржливото јавно вложување во образованието, на европското право на обука што им помага на работниците и вработените со праведен развој во кариерата и поддршка на невработените и „ниско квалификуваните" возрасни лица преку формално препознавање на нивните вештини и оспособености како и да ги здобивањето на потребните основни и стручни вештини за да се најде работа. Важно е обуките за усовршување и преквалификација, на работниците и на невработените кои немаат целосна квалификација, да им ги дадат и општествените и стручни вештини и оспособувања за да се осигури дека тие не само што ја достигнуваат целосната квалификација, туку имаат силна положба на пазарот на труд во преод.

1. Здравствената непогода има огромно влијание врз работниците и вработените во образованието. Од една страна, високата стапка на невработеност кај работниците повлекува ризик некои од нив да останат долгорочно невработени и на крајот да ги загубат своите вештини, додека од друга страна секторот за образование мораше да се префрли на далечинско учење во итни случаи, од ден за ден, што имаше и ќе има понатамошно влијание врз секторот образование како целина, како и врз наставата и работните услови на наставниците. Така, изненадени сме што Европската комисија ја воведува новата иницијатива за исправите за деловна успешност, во смисла на справување со влијанието што кризата COVID-19 го има врз развојот на вештините и образованието и обуката во однос на пазарот на трудот. Овој фокус ќе биде штетен за стекнување и признавање на целосни квалификации. Поради здравствената непогода, целосните квалификациите сега се поважни за борба против растечките нееднаквости и заради потребата од закрепнување во светло со кружната економија, климатските промени и дигитализацијата.

2. Иако, ја прифаќаме потребата од некои исправи за деловна успешност, издадени од компаниите во врска со нивната експертиза (на пр. Мајкрософт), ние потсетуваме дека целиот образовен систем не може да се обликува околу пазарот на трудот. Образованието е јавно добро и треба да ги подготви студентите да станат демократски граѓани и вработени. Овој холистички поглед на образованието мора да биде заштитен за да им овозможи на студентите да стекнат социјални вештини, не само релевантно

знаење за краткорочен пазар на трудот. Длабоко сме загрижени дека силниот фокус на исправите за деловна успешност може да доведе до заобиколување на формалните системи за образование, додека неодамнешната криза во јавното здравство покажа колку е важно образованието.

3. Загрижени сме што Европската комисија ја развива оваа тема на високо ниво без вклучување на синдикатите за дефинирање на потребната работа или потенцијален патоказ на европско ниво за исправите за деловна успешност. Ја нагласуваме најголема важност на социјалниот дијалог со релевантните синдикати на иницијатива за политиките кои ќе имаат значително влијание врз работниците и вработените во образовнието. Жалиме што Европската комисија планира да го вклопи прашањето за исправите за деловна успешност во претстојните иницијативи за политиките за стручно образование и високо образование, без да има заедничко разбирање, дефиниција или договорено мислење за ова на ниво на ЕУ. Бараме од Европската комисија да помогне во постигнувањето на заедничка дефиниција за исправите за деловна успешност заснована врз темелно независно истражување, расправи во рамките на работната група со стручњаците за квалификации на владите и социјалните партнери. Бараме, со таква група, да се дефинира дали е неопходна иницијатива на европско ниво за исправите за деловна успешност и да се развие проценка на влијанието.

4. Признавањето и довербата во исправите за деловна успешност ќе обезбедат преносливост на исправите за деловна успешност помеѓу образованието и пазарот на трудот и меѓу државите и ќе овозможи нивно додавање на целосните квалификации. Исправите за деловна успешност може да ги зголемат можностите на работниците за пристап до флексибилно доживотно учење и можат да го надополнат усовршувањето и преквалификациите. Сепак, ние ги поддржуваме исправите за деловна успешност само кога со нив се надополнуваат целосните квалификации, подложени на системот за управување со квалитет и акредитирани, кога тие се признати како доказ за достигнувањето а не само потврдени, и играат улога во одобрувањето на неформалното и искуственото учење (NFIL). Установите за стручно образование и обука, меѓусекторските и секторските синдикати и работодавачите треба да ги потврдат и признаат. Исправите за деловна успешност треба да бидат смислени и да имаат висок квалитет. Тие треба да се засноваат на стандарди за начинот на испорака, постапки за оценувањето и времетраењето, а треба да се наведе и како тие се поврзани со полните квалификации. Потсетуваме дека според CEDEFOP,

модуларизацијата на почетните и/или континуирани програми за стручно образование и обука се користи во многу земји како флексибилен начин за решавање на потребите за обука на групи со предизвици, како што се невработените и на работниците на кои им е потребно усовршување и преквалификација, но тие треба да бидат препознаени и да бидат ставени во рамките на системите за потврдување на неформалното и искуственото учење Потврдувањето на неформалното и искуственото учење од претходно учење и работно искуство е од суштинско значење за да се намалат неопходното долго времетраење на обуките. Исправите за деловна успешност може да се препознаат како доказ за постигнување, не само доказ за присуство, но не смеат да бидат признати како диплома/потполна квалификација која има за цел поширок видокруг на образование или оспособување. Затоа, називот на исправите за деловна успешност мора да се разликува од називот на полните квалификации, па така на исправите за деловна успешност мора да се издаваат за она што е нивна содржима содржини а не да го имаат називот на целосната квалификација на која се однесуваат/повикуваат.

5. Заради тоа, исправите за деловна успешност треба да имаат вредност на национално и европско ниво само кога тие се дел од полните квалификации што се упатени на Европската рамка за квалификации (EQF) и имаат ниво во соодветните Национални рамки за квалификации (NQF), засновани на проценка и определени исходи на учење и програма за исправа за деловна успешност. Загрижени сме дека некои понудувачи на стручно образование и обука веќе започнале да издаваат исправи за деловна успешност и да ги израмнуваат во рамките на квалификации на исто ниво како и целосните квалификации од коим исправите за деловна успешност би требало да бидат дел. Ова е алармантно бидејќи ваквите дејства ја загрозуваат веродостојноста на EQF и NQF, но и довербата во квалификациите. Ова, исто така, го нарушува пазарот на трудот, ги исклучува колективните договори, а за ученикот е опасно ако исправите за деловна успешност се користат како самостојни потврди. Заради тоа, бараме исправите за деловна успешност да одговараат на стандарден обем на обука (не премал), да претставуваат доказ за постигнување/потврда кој требало јасно да објасни дека тоа не е целосна квалификација и во колкав дел од целосната квалификација се состои. Треба да биде јасно, исто така, дали исправите за деловна успешност имаат определена важност за одредено време, односно колку е нивната важност.

6. Синдикатите се многу критични за какво било изведување на образование и обука што се сосредоточува целосно на одредено знаење или вештина, а

кое не обезбедува целосна квалификација. Во врска со ECVET, ние побаравме Европската комисија да не ги спроведува националните реформи за воведување на учење базирано на единици во средното образование и обука, кое ги дели квалификациите во модули, имајќи во вид дека целосните квалификации се поврзани со колективните договори. Ја нагласивме потребата за препознавање на единици за обука (во рамките на почетната и континуираната стручна обука, за учениците, вработени или за програмите за обука на возрасни) како дел од целосна квалификација, поврзана со колективните договори. Не можеме да го поддржиме сечењето и разделувањето на постојните целосни квалификации во единици или потврди како квалификации бидејќи определувањето на квалификациите спаѓаат во национална надлежност и подлежат на социјален дијалог за професионални квалификации и колективни договори, и заради тоа силно поврзани со платата. Целосните квалификации /степени се од суштинско значење за вработување и само овие треба да се сметаат за гаранции бидејќи колективните договори се засноваат на нив.

7. Потсетуваме дека договорите за колективно договарање се сосредочуваат на квалификациите и овластувањата, а не на исправите за деловна успешност. Начелно, работодавачите не ги признаваат исправите за деловна успешност, иако во некои земји и во одредени сектори исправите за деловна успешност се признаваат токму заради колективните договори. На пазарот на трудот е потребна целосна квалификација, а исправите за деловна успешност не треба да ја притискаат одговорноста за понатамошно учење од претпријатијата до вработените. Покрај тоа, најголемата опасност од исправите за деловна успешност е дека секој може да се снабди со исправа за деловна успешност. Меѓутоа, доколку секој вработен треба да добие исправа за деловна успешност секој пат кога треба да стекне нова вештина, тоа ќе го зголеми бројот на исправите за деловна успешност до рамниште што тие веќе нема да може да се следат. Ова не само што ќе ја доведе во прашање одговорноста за исправите за деловна успешност, туку ќе го загрози и надзорот врз исправите за деловна успешност и силно ќе ги засегне колективните договори.

8. Европската комисија тврди дека работодавачите радо ги бараат исправите за деловна успешност и им придаваат поголема вредност од целосните квалификации. Сепак, кога станува збор за здобивањето со исправи за деловна успешност, обезбедувањето на квалитетот и акредитацијата се клучни прашања за да се осигури доверба на ученикот и работодавачот како и да се заштити ученикот и квалитетот на образованието. Заради тоа,

исправите за деловна успешност треба да се поврзани со кредити и признавање, а исправите за деловна успешностте што ги развиваат работодавачите мора да бидат преносливи. Важно е да се определат барањата за квалитет на понудувачите на исправите за деловна успешност и евентуална акредитација.

9. Строгите прописи со коишто се осигурува дека исправите за деловна успешност остануваат во рамките на формалниот процес на образование, треба да се поврзат со барање за педагошка обука за наставниците и обучувачите на ваквите програми за кратки студии. Кога станува збор за употребата на исправите за деловна успешност во наставничката професија, ја потсетуваме Европската комисија за постојните национални прописи и барањата, наставниците да бидат целосно квалификувани и дека нивната професионална автономија и академска слобода мора да се почитуваат во рамките на секторите образование и обука.

10. На крајот, ја истакнуваме важноста за почитување на поединечната академска слобода и институционалната автономија на високообразовните установи кои се нападнати од барањата на пазарот на трудот и кратењата на јавните буџети, нешто што ги принудува универзитетите да бараат дополнителни финансирања, честопати со обезбедување краткорочни курсеви за пазарот на трудот. Ние ја повторуваме загриженоста на директорот за образование на ОЕЦД, Андреас Шлејхер, кој рече дека зголемената дигитализација на учењето и развојот на исправите за деловна успешност - кратки дописни курсеви, кои им овозможуваат на студентите дигитална уверенија или „значки“ кога ќе заврши – ќе видите како моќта на универзитетите во образованието опаѓа.

Од обраќањето на ETUC и ETUCE до Советодавната група за Европска рамка на квалификации, меѓудругото, првично, бележити се две работи, кои се предмет и на работата на Одборот, називот на овие квалификации и нивната дефиниција.

Во поглед на називот, во советување со лингвисти беа предложени следните називи:

- деловна успешност;
- дигитални акредитиви;
- дополнителни квалификации, а се употребува и
- микроквалификации, но можно е користење на архаизми кои би го попримиле и ова значење врз основа на дефиницијата, како што е на пример, грамота

Запазувајќи го јазикот кој го користи Законот за високото образование, како првичен или привремен предлог кој го користев и во преводот на наведеното соопштение го користев називот:

- образовни исправи за деловна успешност

Забележливо е дека, ETUC и ETUCE спорат дека ова се квалификации во права смисла или барем најмалку треба да има начин да се разликуваат од потполните квалификации, а истото е и во духот на нашиот Закон за високото образование.

Што се однесува до дефиницијата, Одборот одлучи засега да ја користи онаа во документот од Советодавната група за Европска рамка на квалификации. Видно е дека ETUC и ETUCE и во поглед на таа дефиницијата изразува воздржаност, препорачува поинакви и други и ги појаснува причините за тоа сопствено стојалиште.

Кога станува збор за обезбедувањето на квалитетот на овие квалификации, Одборот предлага тие да подлежат на еднообразен и уреден систем за обезбедување на квалитет. Една можност би била високообразовните установи да изготват сопствени општи приоди или систем и тој потоа би бил предмет на акредитација од страна на надележното тело. За исполнување на ова, веројатно ќе биде потребно соодветно дополнување во Законите за високо образование и националната рамка за квалификации. Одборот предвидува консултации во целата стручна и високообразовна област и тие секако ќе ни помогнат во дефинирањето на препораките кои ќе следат. Очигледно е дека брзите промени во општеството ја наметнуваат потребата од постоењето на micro-credentials. Дополнително, неспорно е дека тие се во функција на доживотното учење и овозможуваат, на некој начин, усовршување во одредена област, концентрирање во некои поединечни аспекти на областа, а истовремено се и можност за преквалификација. Сепак, јасно е дека нивното внесување во образовниот систем, особено во Националната рамка на квалификации, треба да биде многу внимателно и содржи ред предизвици. Одборот, исто така ги дели поголемиот дел на причините за загриженост на ETUC и ETUCE, бидејќи истите се логични и издржани. Не смееме да дозволиме микро-квалификациите да направат “упад во системот”, а сепак треба да ја оставиме можноста за флексибилност и различност во усвојувањето на знаењата и нивната реализација на пазарот на трудот. Затоа е потребно, впрочем како што се истакнува и во материјалите, Одборот да утврди систем во кој стекнувањето на истите, нивниот квалитет и акредитираност ќе оневозможи губење на довербата во квалификациите, воопшто.

Усвојувањето на званични препораки кои содветно ќе бидат упатени, Одборот го одложи за по завршувањето на  за поширока расправа и следење на резултатите од тековните проекти.

**Препораката на Советот на Европската Унија за стручното образование и обука за одржлива конкурентност, општествена праведност и жилавост**

На 1 јули 2020 година, Европската Комисија усвои предлог за Препорака на Советот, за стручно образование и обука (СОО) за одржлива конкурентност, општествена правичност и жилавост.

Комисијата предлага да се заменат препораките на Европскиот парламент и на Советот за воспоставување на Европски кредитен систем за стручно образование и обука (Препорака ECVET за 2009 година) и воспоставување на Европска упатна рамка за обезбедување на квалитет во средното стручно образование и обука (2009 Препорака за EQAVET).

Одредбите и начелата на ECVET кои ќе напредуваат:

- начелото дека квалификациите се состојат од единици на резултати од учење (модуларизација) ќе биде интегрирано и зајакнато.

- средствата за подвижност (на пр. Договор за учење и меморандум за разбирање) кои ја поддржуваат подвижноста на учениците од стручно образование и обука ќе бидат дополнително развивани и ќе се поврзуваат со понатамошниот развој на Еуропас;

- кредитните бодови, воведени со Препораката за 2009 година, се укинуваат. За стручните квалификации на пост-средно и терцијарно ниво, може да се примени Европскиот кредитен трансфер и акумулациски систем (ЕКТС) кој е веќе во употреба.

Работата на обезбедувањето на квалитет во СОО:

- ќе ја интегрира рамката за EQAVET за 2009 година, додавајќи и елементи за квалитетот на резултатите од учењето, сертификацијата и оценувањето, консултациите со засегнатите страни, улогата на наставниците и обучувачите, учењето засновано на работа и флексибилноста на стручното образование и обука.

- ќе го вклучува аспектот на дигиталната подготвеност на системите и установите за стручно образование и обука;

- ќе воведе рецензии за осигурување на квалитет на ниво на систем за стручно образование и обука;

- ќе ги одржува мисијата и функциите на EQAVET националните упатни точки.

Предлогот определува и одреден број начела, што треба да се следат на национално ниво, кои се структурирани околу следниве тематски цели:

1. **Стручното образование и обука е агилно во прилагодувањето кон динамичните промени на пазарот на трудот.**

Подобри предвидувања на вештините и механизмите за следење на завршените ученици/студенти како би се одговорило на промените во стопанскиот сектор и занимањата во во склад со нив, соодветно да се прилагодуваат и содржините на стручното образование и обука.

Доделување на ниво на автономија на даватели на стручно образование и обука што ќе им овозможува брза реакција на предизвиците со вештини, да нудат програми за брзо преквалификување и да работат во блиски партнерства со работодавачите од јавниот и приватниот сектор.

Содржина на учењето и за младите и за возрасните нуди урамнотежен спој на клучни компетенции и повеќе вештини специфични за занимањето.

Програмите за стручно образование и обука на сите нивоа вклучуваат компоненти на учење засновано врз работа за да се обезбеди релевантност на СОО на пазарот на трудот.

2. **Прилагодливоста и можностите за напредување се во сржта на стручното образование и обука.**

Осигурување на персонализација на програмите за стручно образование и образование сосредоточено на учениците.

Модулирање на програмите за стручно образование и обука и нивно проширување кон повисоко ниво на квалификации и микрокредитиви.

3. **Стручното образование и обука е двигател за иновации и развој и се подготвува за дигитални и зелени преоди како и за занимања со голема побарувачка.**

Поврзување на СОО со напредните економски стратегии и системите за иновации.

Развој на стручно образование и обука на повисоки нивоа на квалификации и поддршка на претприемништво и почетничките претпријатија. Промовирање на центри за професионална извонредност поврзани со стратегиите за паметни специјализации и нудењето иновативни услуги.

Вградување на еколошката и општествената одржливост во наставните програми за стручно образование и обука и организациското управување, вклучувајќи и поврзување на аспектот на животната средина со другите области

4. **Стручното образование и обука е привлечно и се заснова на современо и дигитализирано изведување на обуките/вештините.**

Зголемување на привлечноста на СОО преку иновирање и осовременување на СОО, особено во однос на нови средини за учење, средства и педагогии, со посебен осврт на дигитализацијата.

Осигурување на подобра пропустливост помеѓу системите на образование и обука. Високообразовните програми за стручно образование и обука треба и понатаму да се прошируваат за да ги поддржуваат зголемените потреби за напредни стручни вештини. Интернационализација и зголемени можности за подвижност на учениците и вработените.

Добро обучени и мотивирани наставници и обучувачи.

Осигурување на висококвалитетни услуги за доживотно насочување.

5. **Стручното образование и обука промовира еднаквост на можностите.**

   Поддршка на различностите и вклученоста како и решавање на родова пристрасност и родово стереотипните избори.

6. **Стручното образование и обука е поткрепено со култура на осигурување на квалитет**

7. **Спроведување на национално ниво**

Одржливи партнерства помеѓу сите релевантни чинители, вклучително и јавно-приватно партнерство за да се постигне делотворно управување во СОО.

Најдобро искористување на постојните Европски алатки, како што се „Еуропас“, ЕРК или ЕСКО и максимизирање на синергиите помеѓу нив, исто така, со цел промовирање на меѓусебното автоматско признавање на стручно образование и квалификации/дипломи за обука и резултатите од учењето од периодите на учење во странство.

*Опсег на предлогот*

Предлогот на Комисијата за Препораката на Советот за стручното образование и обука за одржлива конкурентност, општествена правичност и жилавост има за цел обновување на политиките за стручно образование и обука на ЕУ преку:

1. осовременување на политиките на Унијата за стручно образование и обука со поддршка на преодот кон зелена и дигитална економија во време на демографски промени, како и приближувањето на националните системи за стручно образование и обука. Со оглед на клучната улога, стручното образование и обука, особено учениците во подобрувањето на вработеноста, предложеното осовременување подеднакво ќе го поддржи вработувањето на младите и возрасните кои имаат потреба од континуирано надградување и реинструирање. Ќе вклучува и зголемена употреба на дигиталните орудиа и понатамошна дигитализација на системот за СОО што треба да придонесе за неговата поголема жилавост.

2. потврдување на главната улога на СОО во континуитетот за доживотно учење и неговите силни врски со сите сектори на образование и обука, што бара пропустливост и прегледност;

3. рационализирање на европскиот процес на соработка во областа на стручно образование и обука со интегрирање и прилагодување на инструментите за обезбедување на квалитет на стручно образование и обука (EQAVET) и флексибилност и прилагодени услуги (ECVET);

4. поедноставување на управувањето со стручно образование и обука на ниво на Унија (поврзано со интегрирање на тековните препораки на ECVET и EQAVET во овој предлог и нивно укинување како последица на тоа) и дефинирање на методите за работа, видови на пошните активности на ниво на Унија и рамка за следење за проценка на напредокот кон спроведувањето на оваа Препорака, во целосен склад со поширокат рамка за управување со образованието и обуката.

Конкретно, за преземање активности на национално ниво, новите елементи се следниве:

- истакнувајќи ја клучната улога на системите за стручно образование и обука за младите луѓе кои влегуваат на пазарот на трудот и додавајќи дека системите за стручно образование и обука треба да играат еднакво важна улога и за возрасните кои имаат потреба од непрекинато усовршување и преквалификација;

- давање на даватели на стручно образование и обука на ниво на автономија за да им се овозможи брзо реагирање на предизвиците со вештини, да понудат програми за брзо прекфалификување и да работат во блиски партнерства со работодавачите од јавниот и приватниот сектор;

- модуларизирање на програмите за стручно образование и обука и нивно проширување на повисоко ниво на квалификации и микрокредитиви;

- поврзување на СОО со напредните економски стратегии и системите за иновации кои гледаат напред; промоција на центри за професионална извонредност (главно преку Еразмус +) поврзани со стратегиите за паметна специјализација и нудење иновативни услуги што вклучуваат кластери, деловни инкубатори, поддршка за отпочнување и развој на технологија особено за мали и средни претпријатија, за правење на стручното образование и обука жилаво и погодно за зголемена дигитализација, дигитална подготвеност и за поттикнување на транзиција од сектори кои се во пад во новите сектори кои растат;

- вградување на животната средина и општествената одржливост во наставните програми за стручно образование и обука и организациско управување, вклучително и поврзување на аспектите на животната средина со други области;

- обезбедување подобра пропустливост помеѓу системите на образование и обука;

- наспроти позадината на непогодата од коронавирусот, зголемување на дигиталната подготвеност на установите за стручно образование и обука, преку промовирање на нови средини за учење, алатки и педагогии особено поврзани со дигитализацијата, угостителството и за специфични и за трансверзални наставни планови и содржини на СОО, а со вклучување на аспект на дигитализација во рамката EQAVET;

- зголемување на атрактивноста на СОО за учениците и компаниите, вклучително и микро, мали и средни, на пр. преку интернационализација и зголемени можности за мобилност на учениците и вработените понудени од програмата Еразмус + и други можности за финансирање;

- решавање на родовата пристрасност и стереотипните родови избори и поддршка на различностите и инклузивноста;

- определување на низа показатели и цели за да се овозможи квантитативно и квалитативно следење на успешноста на системите за стручно образование и обука.

Одборот оценува и смета дека треба по документот да се подготвиме навремено, бидејќи се предвидуваат значајни промени, на кои треба соодветно да одговори. Предлогот посебно треба да ги засега, МОН, ЦССО и НАЕОПМ. Се разбира ова во функција на прегледување на образовните политики на национално со оние на Европската унија.

Во функција на подготовката на Законот за средното стручно образование, Одборот смета особено дека Министерството за образование и наука треба да посвети посебно внимание во својство на надлежен орган.

Покрај наведените, Одборот ги разгледа и расправаше и по документите кои се однесуваат на Валидацијата на неформалното и искуственото учење и валидацијата во националните стратегии за вештини

## 5. Стандарди на квалификации

Една од клучните надлежности на Одборот е разгледување и одобрување на Стандардите на квалификации и нивно распоредување на соодветно ниво во рамката согласно резултатите од учењето дефинирани во Стандардот на квалификација.

Во рамките на досегашната работа на формираните Секторски комисии и Одборот донесени се Одлуки за одобрување на вкупно 76 стандарди на квалификации според кои започна реализацијата на новите наставни програми во средното стручно образование. Во текот на 2020 година се донесени Одлуки за усвојување на:

1. Стандард на квалификација Инсталатер за греење и климатизација
2. Стандард на квалификација Инсталатер на цевкини водови
3. Стандард на квалификација Конструкциски механичар
4. Стандард на квалификација Обработувач на метал
5. Стандард на квалификација Машински механичар

6. Стандард на квалификација Мединска сестра
7. Стандард на квалификација Мајстор козметичар
8. Стандард на квалификација Техничар за фитомедицина
9. Стандард на квалификација Агротехничар
10. Стандард на квалификација Техничар по ветеринарна медицина
11. Стандард на квалификација Техничар за агроменаџмент
12. Стандард на квалификација Машински техничар за моторни возила

Сите овие квалификации со распоредувањето во рамката на квалификации добиваат и единствена пет цифрена ознака.

Усвоените Одлуки се прикачени на официјалната веб страна на Националната рамка на квалификации:

http://mrk.mk/?page_id=1055&lang=mk.

## 6. Семинари, работилници, конференции, обуки и јавни расправи

Видливоста на работата на членовите на Одбор за Националната рамка на квалификации и нејзиното унапредување и промовирање на национален и интернационален план се посведочи преку учество на настани поврзани со тековните проекти и такви организирани од Советодавната група за Европска рамка на квалификации и други организации. Сепак заради вонредните здравствени околности тие ни од далеку не беа во обем и зачестеност како во предходните години.

## Заклучни согледувања

Одбор за национална рамка за квалификации во 2020 година одобри и распореди во Регистерот низа Стандарди на квалификации. Расправаше по прашања од својата надлежност поврзани со националниот систем на квалификации и обезбедувањето на неговиот квалитет.

За видливост на работата на членовите на Одборот за национална рамка на квалификации и унапредување и промовирање на Националната рамка на квалификации се учествуваше домашни и меѓународни настани, конференции и семинари.

Одбор за национална рамка за квалификации континуирано ги спроведува своите активности, ги следи меѓународните пракса и искуство и расправа за тековните и идните политики за унапредување на Националната рамка на квалификации.

Почнувајќи од декември 2019 година своите активности ги спроведува во нов состав кој се справува со новите предизвици. Одборот преку многубројните активности за време на својот мандат успева да ја обезбеди и одржува негова препознатливост како на домашно така и на меѓународно поле.

**Претседател на**
**Одборот за**
**Национална рамка на квалификации**

**Борчо Алексов**